Архивски знак: [redacted]
Shenjë arkivuese [redacted]
Рок на чување: [redacted] год.
Afati i ruajtjes [redacted] vite
...... 20 ... година
Потпис, viti
Nënshkrimi

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Фонд за иновации и технолошки развој
Fondi për Inovacione dhe Zhvillim Teknologjik
Скопје-Shkup

| Примено- E Pranuar | [redacted] | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia org. | Бр. Nr. | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera |
| [redacted] | [redacted] | [redacted] | / |

**До:** Фонд за иновации и технолошки развој
Адреса: ул. ГТЦ, локал 6, Д.Е. 220
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] адреса [redacted] телефон [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] телефон [redacted] e mail [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молиме да не известите за нашето поднесено барање, испратено по е-маил од [redacted] до [redacted] на датум [redacted] год. во [redacted] часот.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- (д) друго Одговор од ФИТР по поднесеното наше барање на 10.Јан.2022

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Во [redacted] година.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Фонд за иновации и технолошки развој
Fondi për Inovacione dhe Zhvillim Teknologjik

Бр/Nr [redacted]
[redacted]/viti
Скопје-Shkup

Фондот за иновации и технолошки развој постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] со е-пошта [redacted] преку застапник/полномошник [redacted] со архивски број [redacted]д [redacted] година, согласно член 20 став (1), член 21 став (1) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) на ден 04.04.2022 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за отфрлање за Барањето за слободен пристап до информација од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] СЕ ОТФРЛА.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Фондот за иновации и технолошки развој, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се побарани информации во врска со поднесено барање, испратено по емаил од [redacted] до[redacted] на ден [redacted] година.

Фондот за иновации и технолошки развој го разгледа предметното барање и во конкретниот случај постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно со Решение за отфрлање на барањето бр.02-1056/2 од 21.03.2022 година.

Со оглед на тоа што со барањето се бара да се создаде нова информација, односно не се бара информација која веќе е создадена од нашата институција, истата не претставува информација од јавен карактер.

Имено, согласно член 3 став (1) алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности.

Барањето за кое барате информации е предмет на решавање во соодветна постапка и на истото сте добиле/ќе добиете одговор согласно правилата на постапката.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение имате право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 04.04.2022 година.

Фонд за иновации и технолошки развој
в.д. Директор Festim Halili

Доставено до
- Подносителот на е-пошта
- АРХИВА на Фонд за иновации и технолошки развој

Службено лице за информации од јавен каракте[redacted]